Република Македонија
НОТАР
СИМОНА НИКОЛИЌ
улица Народен фронт број 19 а, локал број 1, ДТЦ Беверли хилс
29.05.2019
(ден дваесет и деветти, месец мај, година две илјади и деветнаесетта)
12.00(дванаесетчасот)

Книга IV
ОДУ БРОЈ 172/19
Извод

Јас, нотар СИМОНА НИКОЛИЌ од Скопје ,со надлежност на подрачјето на Основните судови на град Скопје , потврдувам дека на 29.05.2019 година ( ден дваесет и деветти, месец мај,година двеилјадидеветнаесетта)на барање на Владомир Петровски од Тетово, роден на ден 29.03.1962 година со живеалиште на улица Маршал Тито број 114-37, со лична карта со регистарски број А1350973 издадена од МВР Тетово, и ЕМБГ 2903962470065, како овластено лице од раководните органи на ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ , присуствував на 30-та седница на собранието на акционерите на Банката со почеток во 12.00 (дванаесетчасот), во просториите на ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ со седиште на улица Народен фронт број 19 а ,и притоа согласно член 92 од Законот за нотаријатот, (Службен весник на РМ број 72/2016 и 142/2016 и неговите измени) го составив следниот----------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------

## ЗАПИСНИК ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ОДЛУКИТЕ ОД 30-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРИТЕ НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Со седиште на улица Народен фронт 19 а во Скопје со ЕМБС број 6121110. Со увид во изводот од Акционерската книга за ISIN MKTTKS101012 на ден 27.05.2019 година(ден дваесет и седми, месец мај,година две илјади деветнаесетта)-електронски запис, утврдив дека вкупната основна главнина на ТТК Банка АД СКОПЈЕ изнесува 907.888.000,00 МКД со број на издадени обични акции 907.888 сопственост на иматели на акции според акционерската книга.-------------------------------------------------
Со увид во приложената документација утврдив дека собранието е свикано врз основа на донесена Одлука број 02-2672/13 од 28.03.2019 година за свикување на Триесеттото собрание на акционери на ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ, од страна на Надзорниот одбор на Банката, донесена на оддржаната седница на Надзорниот одбор на ден 28.03.2019 година.(ден дваесет и осми,месец март,година двеилјади и деветнаесетта) Триесеттото собрание на акционери на Банката беше свикано со јавен повик за учество на седницата на собранието на акционери објавен во весникот Вечер на ден 25.04.2019 година.(ден дваесет и петти, месец април ,година две илјади и деветнаесетта)-------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Составен дел на овој записник е и списокот на пријавени и присутни иматели на акции, нивни застапници или полномошници кои присуствуваа на оддржаното собрание и истиот своерачно го потпишаа.--------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------
На собранието според верификуваниот список присуствуваа следните иматели на акции, нивните законски застапници или полномошници:------------------------------------------------------------------------
За ВОЛНАРСКИ КОМБИНАТ ТОДОР ЦИПОВСКИ -МЕРЦАН ТЕТЕКС АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО -ТЕТОВО извршниот член на одборот на директорите г-н Глигорие Гоговски ,г-н Глигорие Гоговски и г-н Борислав Трповски -лично, г-н Методија Несторовски,г-н Тито Беличанец, г-н Драгољуб Арсовски,г-н Зоран Колев,г-н Горан Томовски, За ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА ТРГОВИЈА СО НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ ПЕТРОЛГАС ДООЕЛ Тетово полномошникот г-н Димитри Трповски, г-н Димитри Трповски лично, г-н Бобан Гоговски, г-ѓа Наталија Алексова ,г-ѓа Патриша Трајковска,г-н Владимир Проданов, и г-ѓа Иванка Гоговска лично -----------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Триесеттата седница на собранието на ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ ја отвори и со пригоден говор ја започна м-р Глигорије Гоговски, претседателот на Надзорниот Одбор на ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ, и притоа ги поздрави присутните акционери-иматели на акции и нивни полномошници,членовите на Управниот одбор,членовите на Надзорниот одбор, и притоа констатира дека оваа седница на собранието на акционерите се одржува врз основа на донесената Одлука број 2672/13 од 28.03.2019 за свикување на Триесеттото собрание на акционери на ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ, од страна на Надзорниот одбор на Банката, донесена на оддржаната седница на Надзорниот одбор на ден 28.03.2019 година.--------------------------------------------------------------------------------------------
Ги извести присутните иматели на акции, нивни застапници и полномошници кои присуствуваа на седницата дека записникот за потврдување на одлуките од триесеттата седница на Собранието на акционери на ТТК БАНКА АД Скопје ке го изготви нотар Симона Николиќ. ------------------------------------
На предлог на претседателот на Надзорниот одбор на ТТК БАНКА АД Скопје м-р Глигорие Гоговски се пристапи кон одлучување по 2-та точка од процедуралниот дел од дневниот ред на Собранието односно изборот на претседавач на ова Собрание на акционерите.--------------------------------------------
На предлог од присутните акционери, законските застапници и полномошници на акционерите

Претседавач г-н Владимир Проданов ________ср___________

за претседавач на 30-тата седница на собранието на ТТК Банка АД Скопје, беше избран и едногласно изгласан, еден од акционерите г-н Владимир Проданов ------------------------------------------

Претседавачот Владимир Проданов констатира дека во законските рокови се задоволени сите услови за оддржување на ова собрание на акционерите, односно дека на истото се присутни основачите и запишувачите на акции кои имаат во сопственост мнозинство од сите акции и дека постои кворум за работа на собранието и за негово полноважно одлучување. Притоа им укажа на присутните дека во законските рокови освен предлог одлуките за дополнување на дневниот ред објавени во весникот Вечер на ден 06.05.2019 година дека не се доставени други предлози за измена или дополнување на дневниот ред за оваа седница утврден во донесената одлука од страна на Надзорниот одбор за свикување на истата.-------------------------------------------------------
Дневниот ред се состои од :---------------------------------------------------------------------------------------------

**I.ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ:**

1. ОТВОРАЊЕ НА СОБРАНИЕТО;
2. ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕТО;

**II.РАБОТЕН ДЕЛ:**

1. РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ ;
2. РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ -ОДЛУКА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ ;
3. РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ПРОМЕНА НА ЧЛЕН НА ОДБОРОТ НА НАГРАДУВАЊЕ ;

Дневниот ред беше ставен на гласање и истиот едногласно беше усвоен од страна на сите присутни иматели на акции, законските застапници и полномошници на акционерите.-------------------
Претседавачот Владимир Проданов , се заблагодари на изборот и искажаната доверба од страна на присутните и притоа констатираше дека на 30-тата седница на Собранието на акционерите на Банката присутни се акционери и претставници на правни и на физички лица акционери иматели на 454.197. обични акции, што од вкупно запишаните 907.888 обични акции со право на глас претставува 50,03 %-------------------------------------------------------------------------------------------
По исцрпувањето на процедуралниот дел од дневниот ред, претседавачот им предложи на присутните да пристапат кон одлучување по работниот дел од дневниот ред на Собранието составен од 3(три)точки.---------------------------------------------------------------------------------------------

- Претседавачот г-н Владимир Проданов за првата точка од дневниот ред-РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ отвори расправа и ги повика присутните да земат учество во расправата.Со оглед на фактот што никој од присутните не зеде учество во истата, ја затвори расправата и предложи да се гласа по 1-та точка од работниот дел од дневниот ред.За усвојувањето на истата гласаа акционери-иматели на 454.197 обични акции,што од вкупно присутните акционери иматели на 454.197 обични акции, претставува 100 %.Гласови ПРОТИВ и ВОЗДРЖАНИ немаше.-----------------------------------------------------------------------------------
  **Претседавачот констатира дека ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ е полноправно усвоена од страна на присутните иматели на акции.**---------------------------------------------------------------------------------------------------------
- Во врска со втората и треттата точка од дневниот ред РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ -ОДЛУКА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ И РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ПРОМЕНА НА ЧЛЕН НА ОДБОРОТ НА НАГРАДУВАЊЕ ,претседавачот г-н Владимир Проданов ги извести присутни иматели на акции, законските застапници и полномошници на акционерите дека предложениот член на надзорниот одбор г-н Томе Волкановски има доставено изјава со која се откажува од кандидатурата за член на Надзорниот Одбор на ТТК БАНКА АД Скопје заради лични причини па во врска со истото за 2 и 3 -та точка од дневниот ред дека нема да се гласа .на оваа 30-та седница на собранието на акционери на ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ -----------------------------------------------------
  Седницата заврши во 12.10 (дванаесетчасотидесетминути).-------------------------------------------
  Составен дел од овој записник се Одлуката од Надзорниот одбор за свикување на седницата на Собранието,Список на верифицирани акционери заверен од претседавачот и нотарот, Извод од акционерска книга од ЦДХВ-електронски запис , и одлуки по материјалите согласно дневниот ред на седницата. на Собранието.----------------------------------
  ------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавач г-н Владимир Проданов ________ср____________

Овој записник лично го составив и истиот е сочинет на три страници на три листа. Овој записник е составен во четири еднообразни примероци. ----------------------------------------------
Нотарска такса за ваков вид на дејствие не е предвидена.--------------------------------------------
Нотарската награда според чл. 41 од Нотарската тарифа е пресметана во висина од 10.000,00.------------------------------------------------------------------------------------------------
Записникот е прочитан и потпишан од претседавачот
г-н Владимир Проданов ____________ср______________

ОДУ172/19 НОТАР
Скопје, 29.05.2019
(ден дваесетидеветти, месец мај, година двеиљадидеветнаесетта) СИМОНА НИКОЛИЌ
12.10(дванаесетчасотидесетминути)

Јас, **НОТАР СИМОНА НИКОЛИЌ**
ул. Народен Фронт број 19а, лок 1, ТЦ Беверли Хилс
потврдувам дека е овој извод е идентичен со изворникот .
Овој е **четврт** извод- потполн -во изводок,
кон кого не се приложени-се приложени / преписи од прилогот на нотарската исправа

Број ОДУ број 172/19
Во Скопје 29.05.2019
НОТАР
______________

Врз основа на член 40 став 1 алинеја 1 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на Банката на седницата одржана на ден 29.5.2019 година, ја донесе следната:

ТТК БАНКА АД Бр.1
Бр. 02-4456/1
29 -05- 2019 201 _ год.
СКОПЈЕ

**ОДЛУКА**
**за измени и дополнување на Статутот на ТТК Банка АД Скопје**

**Член 1**

Во Статутот на ТТК Банка АД Скопје /пречистен текст/ бр. 02-3320/2 од 3.4.2017 година, се вршат следните измени и дополнувања:

1. Во членот 2, став 4, зборовите: „Народна банка на РМ" се заменуваат со зборовите: „Народна банка на Република Северна Македонија".

2. Во членот 8, став 3, зборот: „НБРМ" се заменува со зборовите: „Народна банка на Република Северна Македонија".

3. Во членот 10, став 3, на двете места зборовите: „Народна банка на Македонија" се заменуваат со зборовите: „Народна банка на Република Северна Македонија".

4. Во членот 20-а, став 4, во првата реченица по зборот „обврзници" се додаваат зборовите: „и истото може да се користи по пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија".

5. По членот 25 се додава нов член 25-а кој гласи:

„Управниот одбор на Банката може, во текот на деловната година, врз основа на периодична сметка или периодични финансиски извештаи за трите, шесте, односно деветте месеци, ревидирани од страна на овластен ревизор да им исплати на акционерите аванс на име дивиденда, согласно закон.

Управниот одбор може да го исплати авансот на дивиденда само до износот на добивката којашто е остварена во периодот за којшто се исплаќа авансот на дивиденда, при што не може да ја надмине вкупната добивка остварена во претходната година одобрена со годишната сметка, зголемена за пренесената нераспределена добивка од претходните години и со резервите кои можат да се распределуваат за оваа цел, намалени за износите коишто се издвојуваат за законските резерви и за резервите утврдени со договорот за друштвото, односно со статутот, за периодот за којшто се пресметува авансот на дивидендата, ако не се покриени загубите од претходните години, а тие од кои било причини не биле покриени со последната одобрена годишна сметка и со финансиските извештаи.

Одлуката за исплата на аванс на дивиденда се донесува едногласно од сите членови на Надзорниот одбор на Банката."

6. Во членот 34 ставот 2 се брише.

7. Во членот 36 во став 2 по зборот: „подружниците" се додава зборот „и шалтерите".

8. Во членот 36 во став 4 по зборот: „отвораат" се додава зборот „и затвораат".

9. Во членот 36-а во став 1 зборовите: „Филијалата и експозитурите" се менуваат со зборовите „Филијалите, експозитурите и шалтерите".

10. Членот 37 се менува и гласи:

„Внатрешната организација и систематизација на работните места се утврдуваат со посебни акти што ги донесува Управниот одбор на Банката."

11. Членот 38 се менува и гласи:

„Органи на Банката се: Собрание, Надзорен одбор, Одбор за управување со ризици, Одбор за ревизија, Управен одбор, Кредитен одбор и Одбор за управување и надгледување на информативна технологија."

12. Во членот 39 се додаваат нови стави 5 и 6 кои гласат:

„Акционерите можат да овластат полномошници и/или на истите да им дадат инструкции за гласање на електронски начин. Банката им обезбедува на акционерите користење на електронски систем преку кој ќе можат да се регистрираат, да овластат свои полномошници и да им даваат инструкции за гласање.

Одредбите од овој член соодветно се применуваат и на откажувањето на полномошно на електронски начин."

13. Во членот 42, став 3, зборовите „Република Македонија" се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија".

14. Членот 49 се менува и гласи:

„Член на Надзорен одбор не може да биде лице кое е вработено во Банката.

Член на Надзорен одбор треба да ги исполнува и критериумите за лице со посебни права и одговорности дефинирани во чл. 78-г од овој Статут.

Член на Надзорен одбор на Банката може во исто време да биде и:

- член на еден орган на управување и на еден орган на надзор, односно да извршува една функција на извршен и една функција на неизвршен член на одбор на директори во небанкарски финансиски институции или нефинансиски институции или

- член на три органи на надзор, односно да извршува три функции на неизвршен член на одбор на директори на небанкарски финансиски институции или нефинансиски институции.

Ограничувањата од членот 78-г ставот 1 точка 6 и став 2 од истиот член, не се однесуваат на членство во:

1. органи на непрофитни организации на волонтерска основа, без надоместок и

2 во органи на трговски друштва што припаѓаат на иста банкарска група во Република Северна Македонија или во странство."

15. Во членот 53, став 3, точка 20 и точка 22 зборовите „Народна банка на Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Народна банка на Република Северна Македонија“.

16. Во членот 57 се додаваат нови ставови 5, 6, 7, 8 и 9 кои гласат:

„Од редот на своите членови, Надзорниот одбор на Банката формира помошни одбори што му помагаат при спроведувањето на дел од неговите надлежности.

Надзорниот одбор формира посебен Одбор за наградување за надлежности поврзани со воспоставувањето и спроведувањето на Политиката за наградување.

Надзорниот одбор на Банката може да формира Одбор за именување за надлежности поврзани со воспоставувањето и спроведувањето на Политиката за начинот на избор, следење на работењето и разрешувањето на членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор.

Покрај одборите од претходниот став, Надзорниот одбор може да формира и други одбори коишто му помагаат во спроведување на неговите надлежности.

Поблиските услови, начинот на работењето, мандатот, обемот на активности на овие одбори како и начинот на известување на Надзорниот одбор се уредуваат со посебни интерни акти на Банката.“

17. Во членот 64 ставот 5 се заменува со три нови става 5, 6 и 7 и истите гласат:

„ Член на Управен одбор на Банката не може да биде лице од причините наведени во членот 78-г став 1 точки од 1 до 7 од овој Статут.

Член на Управен одбор не поседува репутација и кога има соработник кој е осуден со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, сè додека траат правните последици од пресудата.

Член на Управен одбор не може да биде и лице кое е управител, член на управен одбор или извршен член на Одбор на директори во кое било домашно или странско трговско друштво.“

18. Во членот 64 во новиот став 8 првата реченица се менува и гласи:

Ограничувањата од членот 78-г став 1 точка 6 и став 2 од истиот член како и ставовите 4 и 6 од овој член не се однесуваат на членство во:

19. Во членот 64, новиот став 8, точка 2, зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

20. Во членот 64, новиот став 9, зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

21. Во членот 65 став 5 алинеја 2 се менува и гласи:

„Суштествени внатрешни организацискипромени на Банката коишто се однесуваат на основање/укинување на сектори, самостојни дирекции и служби на Банката.

22. По член 67 се додава нов член 67-а кој гласи:

„Начинот и постапката на работењето на Управниот одбор се

регулираат поблиску со овој Статут и Деловникот за работа на Управниот одбор на Банката.

23. Во членот 70-а, став 2, по алинеја 2 се додава нова алинеја која гласи:

„- наоди и предложени мерки на Службата за внатрешна ревизија,"

Досегашната алинеја 3 станува алинеја 4.

24. Во членот 70-а, став 4 зборовите: „Собранието на Банката и до" се бришат.

25. Во членот 73 по ставот 1 се додаваат нови ставови 2 и 3 и истите гласат:

Кредитниот одбор го сочинуваат: Претседателот на Управниот одбор, членот на Управниот одбор, директорот на Секторот за комерцијално банкарство, директорот на Секторот за стратешко банкарство, директорот на Секторот за правни работи и проблематични пласмани.

Со одлука за именување на членови на Кредитниот одбор се именуваат и заменици членови на Кредитниот одбор од редот на лицата со посебни права и одговорности или останати лица кои ги заменуваат членовите во нивно отсуство.

26. Во членот 73 во новиот став 17 зборовите „е исполнет кворумот на присутност од четворица, односно ако" се бришат.

27. Во насловот пред член 75 зборот „органи" се брише.

28. Во членот 75 став 2 зборот „органи" се заменува со зборот „тела".

29. Во членот 76 став 1,2 и 3 зборот „органи" се заменува со зборовите „и стручни тела".

30. Членот 78-в се менува и гласи:

„Лице со посебни права и одговорности во банка задолжително треба да има соодветно високо образование и познавање на прописите од областа на банкарството и/или финансиите, да ги познава правилата за добро корпоративно управување и да има соодветно искуство кое обезбедува сигурно и стабилно управување со банката."

31. Членот 78-г се менува и гласи:

„Лице со посебни права и одговорности во Банката не може да биде лице:

1. член на Советот на Народната банка;
2. вработено во Народната банка;
3. на кое му е изречена прекршочна санкција, или казна забрана за вршење професија, дејност или должност;
4. кое не поседува репутација со што може да биде загрозено сигурното и стабилното работење на Банката.
5. кое не ги почитува одредбите од овој Закон и прописите донесени врз основа на овој Закон и/или не ги спроведувало или не ги спроведува и/или постапувало или постапува спротивно на мерките изречени од Гувернерот, со што биле или се загрозени сигурноста и стабилноста на Банката;

6. член на Ннадзорен одбор, Одбор за управување со ризици, Одбор за ревизија и Управен одбор на друга банка или вработен во друга банка или
7. кое извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во банка или друго правно лице во кое била воведена администрација или над кое е отворена стечајна или ликвидациона постапка, освен доколку недвосмислено, врз основа на расположливите документи и податоци се утврди дека лицето не придонело за настанување на условите за воведување на администрација, стечајна или ликвидациона постапка или функцијата ја вршело непосредно пред или по настанување на причините кои довеле до воведување на администрација, отворање на стечај или спроведување на ликвидациона постапка."

За лице кое не поседува репутација ќе се смета и лице кое е осудено со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, сè додека траат правните последици од пресудата.

32. Насловот пред член 79 се менува и гласи:

"РАКОВОДНИ И ОДГОВОРНИ ЛИЦА НА ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ И ДЕЛОВИ".

33. Членот 79 се менува и гласи:

"Раководните и одговорните лица на организационите единици и делови ги именува Управниот одбор на Банката под услови кои се предвидени во актите за организација и систематизација на работните места во Банката."

**Член 2**

Се овластува Надзорниот одбор на Банката да врши измени и/или дополнувања на оваа Одлука на барање на Народна банка на Република Северна Македонија.

**Член 3**

Се овластува Надзорниот одбор на Банката да подготви пречистен текст на Статутот на Банката.

**Член 4**

Со денот на донесувањето на оваа Одлука, Одлуката за измени и дополување на Статутот на ТТК БАНКА АД Скопје број 02-2675/6 од 28.03.2019 година престанува да важи.

Оваа Одлука влегува во сила по усвојувањето од страна на Собранието на Банката и по издавањето согласност од Гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија.

**Собрание на ТТК БАНКА АД Скопје**

**Претседавач**

**Владимир Проданов**

____________________

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
СИМОНА
НИКОЛИЌ
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
СИМОНА
НИКОЛИЌ
СКОПЈЕ